Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ООУ "Гоце Делчев"- Скопје** за сечење и кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 1 (едно) дрво (чемпрес) како и кастрење на 11 (единаесет) дрва (8 софори, 2 јавори и туја) што се наоѓаат **во дворот на училиштето на ул. "Горно Лисиче" бр.23 – Скопје.**
2.Сечењето и кастрењето на дрвата да го изврши и организира барателот најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4.Се обврзува барателот во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение да изврши компензациско садење на 1 (едно) дрво постаро од 6 години на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно во пречник од 500 м од исеченото стебло.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**ООУ "Гоце Делчев", ул. "Горно Лисиче" бр.23 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/132** од **12.03.2025** година за сечење и кастрење на дрва што се наоѓаат **во дворот на училиштето на ул. "Горно Лисиче" бр.23 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвото што е за сечење е целосно суво (мртво дрво) и постои опасност да падне и да предизвика материјална или друга штета и не постојат услови за пресадување на дрвото, а пак дрвата што се за кастрење имаат неуредни крошни и широко разгранети гранки коишто при посилен ветер се кршат и паѓаат врз објектот и во дворното место каде има голем број ученици.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површини покрај објекти на јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и други) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен

број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и е одлучено 11 (единаесет) дрва да бидат искастрени, а 1 (едно) дрво да биде исечено бидејќи е констатирано дека поради состојбата на дрвото не постојат услови за пресадување.
На барателот му е наметнато компензационо садење за дрвото за кое е дозволено сечење.

Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/132/2**
**24.03.2025** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи
**Зоран Лапевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP